# ВОДИЧ ЗА КОМУНИЦИРАЊЕ

Мај 2019

SGP The GEF Small Grants Programme

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

## СОВЕТИ ЗА УСПЕШНА КОМУНИКАЦИЈА

КАКО ДА НАПИШЕТЕ ПРИКАЗНА ЗА ПРОЕКТ НА ПМГ

• Во уводот наведете за што е написот:

**ШТО:** Која е целта на проектот и кои се клучните еколошки резултати како и резултатите на одржливиот развој?

**КОЈ:** за кого е приказната? Кој има корист? Кој е корисник на доделените средства и колку се доделени? (наведете го износот на грантот, износот на кофинансирање, број од корисници, итн.)

**КАДЕ:** Каде се наоѓа локацијата на проектот или специфичната проектна активност? Опишете ја заедницата и локацијата од проектот.

**КОГА:** Кога настанот или приказната се случува? Кога проектот започна и завршува? Кога ќе почнат да се видат придобивките? Наведете ја временска рамка на проектот.

**ЗОШТО:** Зошто го правите ова известување или раскажувате оваа приказна? Што е ново, иновативно и/или соодветно да ги споделите со другите?

• Во продолжение на написот, објаснете ги деталите за проектот или настанот

• Избегнувајте кратенки, користете едноставен јазик и јасни пораки

• Дадете конкретни примери кои се предностите на заедницата од проектот, и дадете фокус на конкретни еколошки, социо-економски и врз политиките влијанија/резултати

• Вклучете статистички податоци и цитатите од страна на клучните засегнати корисници кои ја потенцираат вашата поента

• Додајте цитати од експерти или корисници, кои треба да бидат конкретни и јасни.

• Вметнете фотографии и наведете го соодветно фотографот.

• По можност користете фотографии за акција, пред и по фотографиите или портрет на корисник на проектната локација каде можат да се видат резултатите.

## КАКО ДА СЕ РАСКАЖЕ ПРИКАЗНА ПРЕКУ ФОТОГРАФИИ

“Фотографијата заменува илјада зборови"

### КРЕДИТ

Фотографиите за ПМГ треба да се кредитираат на следниот начин: ГЕФ Програма за мали грантови Северна Македонија. Додадете го името на фотографот.

На пример: ГЕФ Програма за мали грантови Северна Македонија. Фотографирано од: Име и презиме

### КРАТОК ОПИС

Под фотографиите додадете краток опис за тоа што се случувало при фотографирањето, како на пример кој е предмет, кој е присутен на фотографијата, што прави и зошто.

Насловите треба да бидат кратки и едноставни.

### КВАЛИТЕТ И РЕЗОЛУЦИЈА

Резолуцијата подразбира квалитет и јасност на деталите кои ги содржи фотографијата. Постојат повеќе начини на мерење на резолуцијата. За печатени матерјали битно е да се користат слики со висока резолуција. Поради тоа секогаш препорачуваме да се фотографира користејки ја опцијата фотографирање со висока резолуција, бидејќи од фотографија со помала резолуција не е можно да се зголеми резолуција, додека секогаш е можно да се намали/ компресира фотографијата. Повеќе совети за резолуција може да се најдат на www.graphics.com/article-old/digital-photography-fundamentals-understanding-resolution-and-bit-depth

### ДОПОЛНИТЕЛНИ СОВЕТИ

- Субјектот треба да биде јасен и прецизен.
- Користете добро осветлување
- Заради стабилност користете држач на фотоапаратот
- Изберете добар агол за фотографирање




**Фотографии кои прикажуваат акција** на членови на заедници кои заедно работат во спроведувањето на проектот: жнеење, инсталирање сончеви панели, заштита на загрозени видови и сл. Акцентот треба да се даде на главните активности кои го дефинираат проектот.



**Групни фотографии** каде учесниците вклучени во проектот позираат при некој настан/активност.




**Портрети** на членови на заедницата или група. Портретите треба да се фокусираат на изразот на лицето на фотографијата и притоа насочете го објективот на очите, рацете или торзото.



**Close-up** фотографии (фотографии од близина) кои се фокусирани на специфичен детал, текстура или облик. Тоа може да биде: животно, растение, објект, опрема, па дури и некоја технологија.

**Пејсаж** кои ја прикажуваат околината/регионот на проектот. Фотографиите со пејсажот се идеални да покажат влијанието или предизвикот со кој се соочува заедницата, како и добиените резултати.



**Пред и После фотографии**

**Еден од начините визуелно да се прикажат напредокот и резултатите на проектот и со тоа на позитивен начин да се покаже успехот е да се има албум на фотографии од пред и после проектните активности.**



SGP The GEF Small Grants Programme
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

М-Р Златко САМАРЏИЕВ, Национален Координатор
Мелита ИВАНОВА, Асистент на Програмата

ГЕФ ПМГ Република Северна Македонија
ул. Мајка Тереза 15/6, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389-(0)2-310.99.56
ел.пошта: info@gefsgpmacedonia.org.mk
www.gefsgpmacedonia.org.mk
www.sgp.undp.org